Република Северна Македонија

**Министерство за информатичко општество и администрација**

Republika e Maqedonisë së Veriut

**Ministria e Shoqërisë Informatike dhe Administratës**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
МИНИСТЕРСТВО ЗА ИНФОРМАТИЧКО ОПШТЕСТВО И АДМИНИСТРАЦИЈА
MINISTRIA E SHOQËRISË INFORMATIKE DHE ADMINISTRATËS
Бр.-Nr. 15-12211
05.01. 2023 год.-viti
СКОПЈЕ - SHKUP

# ИЗВЕШТАЈ ЗА ПРОЦЕНКА НА ВЛИЈАНИЕТО НА РЕГУЛАТИВАТА

# RAPORT PËR VLERËSIMIN E NDIKIMIT TË RREGULLATIVËS

| | |
|---|---|
| Назив на министерство:<br>Emri i Ministrisë: | Министерство за информатичко општество и администрација |
| Назив на предлогот на закон:<br>Titulli i Propozim-ligjit: | Нацрт закон за системот на плати во јавниот сектор |
| Одговорно лице и контакт информации:<br>Personi përgjegjës dhe kontakt informacionet: | Лаура Ајдини<br>laura.ajdini@mioa.gov.mk<br>Сашо Митев<br>saso.mitev@mioa.gov.mk<br>Љупка Ивановски<br>ljupka.ivanovski@mioa.gov.mk<br>Петар Богучевски<br>petar.bogucevski@mioa.gov.mk |
| Вид на Извештај:<br>Lloji i Raportit: | ☒ Нацрт<br>☒ Projekt<br><br>☐ Предлог<br>☐ Propozim |
| Обврската за подготовка на предлогот на закон произлегува од:<br><br>Obligimi për përgatitjen e propozim-ligjit rrjedh nga: | ☐ Годишна програма за работа на Владата на Република Северна Македонија<br>☐ Programi Vjetor i Punës i Qeverisë së Republikës së Maqedonisë së Veriut<br><br>☐ НПАА<br>☐ NPAA<br><br>☒ Заклучок на Владата на Република Северна Македонија<br>☒ Konkluza e Qeverisë së Republikës së Maqedonisë së Veriut<br><br>☐ Друго (консултации со научни институти)<br>☐ Tjera (konsultime me institute shkencore) |
| Поврзаност со Директивите на ЕУ:<br>Lidhshmëria me Direktivat e BE-së: | Нема |

| | |
|---|---|
| Дали нацрт извештајот содржи информации согласно прописите кои се однесуваат на класифицираните информации: A përmban projekt-raporti informacione në përputhje me rregulloret që kanë të bëjnë me informacionet e klasifikuara: | ☐Да<br>☐Jo<br><br>☒Не<br>☒Jo |
| Датум на објавување на нацрт Извештајот на ЕНЕР: Data e publikimit të Propozim-raportit të RVEN: | 05.01.2023 |
| Датум на доставување на нацрт Извештајот до Министерството за информатичко општество и администрација: Data e dorëzimit të Projekt-raportit deri te Ministria e Shoqërisë Informatike dhe Administratës: | |
| Датум на добивање на мислењето од Министерството за информатичко општество и администрација: Data e marrjes së mendimit të Ministrisë së Shoqërisë Informatike dhe Administratës: | |
| Рок за доставување на предлогот на закон до Генералниот секретаријат Afati i dorëzimit të Propozim-ligjit deri te Sekretariati i Përgjithshëm | |

## 1. Опис на состојбите во областа и дефинирање на проблемот
## Përshkrimi i gjendjeve në fushën dhe përcaktimi i problemit

### 1.1 Опис на состојбите

Платите и надоместоците од плата за вработените во јавниот сектор се уредуваат со посебните закони, општите прописи за работните односи, колективните договори, а во одредени исклучоци и со подзаконски акти.

Имено, системот на плати, надоместоците на плата, другите додатоци и примања на судиите, на јавните обвинители, на членовите на Судскиот совет, на членовите на Советот на Јавните обвинители се утврдени со Законот за платите на судиите, Законот за платите на јавните обвинители, Законот за платите на членовите на Судскиот совет на Република Македонија, Законот за платите на членовите на Советот на јавните обвинители на Република Македонија. Со Законот за плата и другите надоместоци на пратениците во Собранието на Реплублика Македонија и другите избрани и именувани лица во Републиката се уредуваат платите на претседателот на Република Македонија, на функционерите избрани од редот на пратениците, на функционерите кои ги избира или кои ги именува Собранието и носители на правосудни функции (во натамошниот текст: функционери) и на раководните работници кои ги назначува надлежното тело на Собранието (во натамошниот текст: раководни работници).

Со Законот за пратениците се уредува платата, надоместоците на плата и другите додатоци на пратениците во Собранието на Република Северна Македонија. Со посебните закони се уредуваат платите на вработените во разни дејности/области од јавниот сектор.

Со Законот за административни службеници се уредени условите и критериумите за остварување на правото на плата на административните службеници, а самиот закон предвидува можност платата на административните службеници да се уреди со посебен закон и со колективен договор. Како резултат на тоа, се воспостави една пракса, со колективни договори на ниво на работодавач, платите се зголемуваат, а воедно и со посебни закони се утврдат надоместоци и додатоци на плата за административните службеници, на начин различен од Законот за административни службеници, без притоа да се обезбеди мислење од надлежен орган. Платите на здравствените работници се уредени со колективен договор на ниво на оддел (посебен), при што поединечните колективни договори (на ниво на работодавач) честопати не се усогласени со колективниот договор за здравствената дејност на Република Северна Македонија.

### 1.2 Причини за проблемите кои се предмет на разгледување
### Arsyet për problemet të cilat janë lëndë e shqyrtimit

Поради разноликоста во начинот на пресметка на плати, додатоци и други надоместоци на плати, во законодавството во Република Северна Македонија не постои единствен платен систем за пресметката на платите и надоместоците на плата на вработените во институциите од јавниот сектор и избраните и именуваните функционери, односно нема ниту регулатива што ќе ја уреди оваа материја на системски начин со единствена методологија за пресметка на платите и надоместоците на плата.

Пресметката и исплатата на платите, додатоците и надоместоците на плата во институциите од јавниот сектор моментално се врши врз основа на посебни закони и колективни договори, а во некои институции дури и со правилници - спротивно на начелата и одредбите од Уставот. Евидентно е дека не постојат јасни правила и воедначена Методологија за пресметка на платите во законодавната власт, извршната власт, судската власт, локалната самоуправа, за избраните, именуваните и назначените лица и во трговските друштва во целосна државна сопственост.

## 2. Цели на предлог регулативата
## Qëllime të propozim-rregullativës

Целта на нацрт законот е воспоставување на единствен систем на пресметка на плати и надоместоци на плата за вработените во институциите од јавниот сектор, како и за избраните и именуваните лица, и истиот ќе се заснова врз основа на единствената Методологија за пресметка на истите.

Со законот ќе се регулираат потсистемите на плати и надоместоци на плати во следниве области:

- Законодавната власт, во чии рамки се уредуваат системите на плати и надоместоци на плати за вработените во Собранието на Република Северна Македонија, регулаторните тела, самостојни државни органи основани од Собранието на Република Северна Македонија и јавните претпријатија основани од Собранието на Република Северна Македонија;
- Извршната власт, во чии рамки се уредуваат системите на плати и надоместоци на плати за вработените во Кабинетот на Претседател на Република Северна Македонија, Агенцијата за разузнавање, стручните служби на Владата на Република Северна Македонија и Кабинетот на Претседателот на Владата на Република Северна Македонија, министерствата, другите органи на државната управа, Армијата на Република Северна Македонија, правните лица со јавни овластувања утврдени со закон, јавните установи и јавните претпријатија основани од Владата на Република Северна Македонија и други буџетски корисници основани од Владата на Република Северна Македонија;
- Судската власт, во чии рамки се уредува системот на плата и надоместоци на плата за вработените во судовите;
- Локалната самоуправа, во чии рамки се уредуваат системите на плати и надоместоци на плати за вработените во општините, Градот Скопје, општините во Градот Скопје како и јавните претпријатија, јавните установи, трговските друштва и другите буџетски корисници основани од општините, Градот Скопје и Општините во Градот Скопје;
- Независните државни органи, во чии рамки се уредуваат системите на плати и надоместоци на плати за вработените во Уставниот суд, Народниот правобранител, Јавното обвинителство на Република Северна Македонија и Државниот завод за ревизија;
  како и за избраните, именуваните и назначените лица;
- Трговските друштва во целосна државна сопственост и
- Други буџетски корисници.

Во рамките на секоја од овие области може да се уредат еден или повеќе потсистеми. (на пример во рамките на извршната власт ќе има еден потсистем за државните органи, еден потсистем во образование, еден потсистем за здравство, еден потсистем во култура и тн.). На овој начин ќе се овозможи регулирање на плати на сродни работни места кои можат да се споредат меѓу себе од една страна и од друга страна при промена на платите во еден потсистем нема да мора да се отвора целиот систем на плати. Потсистемите за плата ќе се уредуваат со закон или со колективен договор.

Воедно, со нацрт законот ќе се обезбеди:

- хиерархиска подреденост на платите во јавниот сектор,
- исплата на еднаква плата за иста работа, односно работа со еднаква вредност,
- конкурентност на платите од јавниот сектор со платите од приватниот сектор и
- јавност на платите, освен во исклучителни области.

## 3. Можни решенија (опции)
## Zgjidhje të mundshme (opsione)

### 3.1 Опис на решението „не прави ништо"
### Përshkrimi i zgjidhjes "nuk bën asgjë"

Ова решение значи да не се донесе предложениот закон и ова не е прифатлива опција, бидејќи со прифаќање на оваа опција нема да се постигнат горенаведените цели.

Од друга страна, во случај да се избере оваа опција, состојбата со констатираните проблеми ќе остане иста, пресметката и исплатата на платите во институциите од јавниот сектор и понатаму ќе се врши врз основа на посебни закони и колективни договори, а во некои институции и со правилници - спротивно на начелата и одредбите од Уставот, без јасни правила и единствена методологија.

Доколку не се донесе предложениот закон нема да се воспостави единствен систем за пресметка на плати и надоместоци на плата за вработените во институциите од јавниот сектор, како и за избраните и именуваните лица во јавниот сектор. Тоа значи дека ќе се продолжи со воспоставената пракса за нееднаквост во платите во институциите во јавниот сектор, односно и понатаму ќе се исплаќаат плати со различен износ за иста работа во институциите од јавниот сектор, што е спротивно на уставниот принцип за еднаквост и забрана од дискриминација.

### 3.2 Опис на можните решенија (опции) за решавање на проблемот
### Përshkrimi zgjidhjeve të mundshme (opsione) për zgjidhjen e problemit

Регулаторна мерка:
Најсоодветно решение е да се донесе предложениот закон и да се воспостави Методологија за пресметка на плата во јавниот сектор.

Ефекти на регулаторната мерка:
Доколку Владата го прифати и донесе прдлог-законот ќе се воспостави еден единствен систем на пресметка на плати на вработените во институциите од јавниот сектор, врз основа на единствена Методологија за пресметка на истите. Со законско решение на материјата ќе се регулираат системите на плати и надоместоци на плати во законодавната власт, извршната власт, судската власт, независните органи, локалната самоуправа, како и на избраните, именуваните и назначените лица и во трговските друштва.

## 4. Проценка на влијанијата на регулативата
## Vlerësimi i ndikimeve të rregullativës

Можни позитивни и негативни влијанија од секоја од опциите:
Ndikime të mundshme pozitive dhe negative nga secili opsion:

### 4.1 Економски влијанија
### Ndikime ekonomike –

Позитивното влијание од донесувањето на предложениот закон е постигнување на конкурентност на платите во јавниот сектор со платите во приватниот сектор, со што ќе се зголеми интересот за вработување во јавниот сектор.

### 4.2 Фискални влијанија
### Ndikime fiskale -

Позитивно влијание од донесувањето на законот е истовремено усогласување и зголемување на платите во јавниот сектор со зголемувањето на минималната плата. Со унифицираност при пресметка на плата и надоместоци на плата се воспоставува единствен систем за исплата на плата врз основа на кој ќе се засноваат утврдените потсистеми.

### 4.3 Социјални влијанија
### Ndikime sociale -

Позитивно влијание од донесувањето на законот е зголемување на задоволство кај вработените во институциите од јавниот сектор поради еднаквиот пристап при пресметката на плати на вработените.

### 4.4 Влијанија врз животната средина – **НЕМА**
### Ndikim mbi mjedisin jetësor –

### 4.5 Административни влијанија и трошоци – НЕМА
### Ndikim administrativ dhe shpenzime -

а) трошоци за спроведување
a) shpenzime për zbatim
НЕМА
б) трошоци за почитување на регулативата
b) shpenzime për respektimin e rregullativës
НЕМА

## 5. Консултации
## Konsultime

### 5.1 Засегнати страни и начин на вклучување
### Palët e interesuara dhe mënyra e përfshirjes

За утврдување на концептот за пресметка на плати и други надоместоци на плата, формирана беше меѓуресорска работна група со претставници од Министерството за информатичко општество и администрација, Министерството за финансии, Министерството за труд и социјална политика и Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија. Оваа работна група исто така работеше заедно со експерти на СИГМА.

При изработката на концептот за плати и нацрт законот одржани беа 7 состаноци на работната група, како и 4 состаноци со претставници на СИГМА. Доколку се прифати концептот кој е преточен во нацрт закон, истиот ќе биде јавно објавен и коментарите од засегнатите страни ќе бидат предмет на разгледување, одобрување и вклучување во изработката на нацрт законот. Системската регулатива за пресметка на плати и други надоместоци на плата ќе има влијание врз сите 1346 институции од јавниот сектор со вкупно 132 088 вработени во јавниот сектор, кои влегуваат и во опфатот на Законот за вработените во јавниот сектор. Со законот ќе бидат опфатени и сите избрани и именувани лица, како и вработените во сите трговски друштва во целосна државна сопственост или во сопственост на единиците на локалната самоуправа.

Засегнатите страни можат да се вклучат на јавна дебата директно преку користење на електронски интерактивни алатки достапни на порталот ЕНЕР (ener.gov.mk).
Пред изготвување на овој нацрт закон, претходеше консултативен процес на работната група со претставници на СИГМА и од одржаните состаноци произлезе овој концепт и нацрт решение.

### 5.2 Преглед на добиените и вградените мислења
### Pasqyrë e mendimeve të marra dhe të ndërtuara

Моментално не се добиени мислења, а засегнатите страни можат да се вклучат на јавна дебата директно преку користење на електронски интерактивни алатки достапни на порталот ЕНЕР (ener.gov.mk).

### 5.3 Мислењата кои не биле земени предвид и зошто
### Mendimet të cilat nuk janë marrë parasysh dhe pse

Нема сеуште добиено мислења, сеуште е во нацрт верзија.

## 6. Заклучоци и препорачано решение
## Konkluza dhe zgjidhje e rekomanduar

### 6.1 Споредбен преглед на позитивните и негативните влијанија на можните решенија (опции)
### Pasqyrë krahasuese e ndikimeve pozitive dhe negative e zgjidhjeve të mundshme (opsione)

Негативното влијание на опцијата "не прави ништо", е тоа што има разноликост при исплата на платите, додатоците и другите надоместоци за вработените во јавниот сектор.

Позитивното влијание на опцијата да се донесе законот е тоа што ќе се уреди оваа материја на системски начин, врз основа на јасна Методологија со која исти работни места ќе имаат еднаква вредност.

### 6.2 Ризици во спроведувањето и примената на секое од можните решенија (опции)
### Rreziqe në zbatimin dhe aplikimin e secilës prej zgjidhjeve të mundshme

Решение „не прави ништо" - со ова решение има ризик да не се воспостави единствен платен систем за пресметката на платите на вработените во институциите од јавниот сектор и понатаму да има нееднаквост во платите кај институциите во јавниот сектор и дискриминација во однос на одредени институции.

### 6.3 Препорачано решение со образложение
### Zgjidhje e rekomanduar me arsyetim

Да се прифати предложениот концепт предложен во нацрт закон, и по прифаќањето на забелешките, коментарите и предлозите да се подготви предлог закон кој ќе биде утврден и усвоен од надлежните органи.

## 7. Спроведување на препорачаното решение
## Zbatimi i zgjidhjes së rekomanduar

### 7.1 Потреба од менување на закони и подзаконска регулатива во областа или

**други сродни области**

**Nevoja për ndryshimin e ligjeve dhe rregullativës nënligjore në fushë ose fusha tjera të lidhura**

За воспоставување на препорачаната опција потребно е донесување на Закон за системот на плати во јавниот сектор со кој ќе се воспостави правна рамка и ќе се уреди системот на плати во јавниот сектор, општите начела, компонентите на плата, врз основа на јасно и точно определена методологијата за пресметка на плата, ќе се направи анализа и класификација на работните места, ќе се утврдат институциите надлежни за управување со системот на плати и други прашања поврзани со системот на плати во јавниот сектор.

Сите посебни закони со кои е пропишана пресметката на платите, додатоците и другите надоместоци на плата во областите опфатени со овој нацрт закон (Законодавната власт, Извршната власт, Судската власт, Локалната самоуправа) на избраните, именуваните и назначените лица, и во трговските друштва во целосна државна сопственост и соодветните колективни договори, ќе треба да се усогласат со одредбите на Закон за системот на плати во јавниот сектор во рок од две години од денот на неговото влегување во сила, а подзаконските акти врз основа на кои денес се врши исплата на плата да престанат да важат.

### 7.2 Потребни подзаконски акти и рок за нивно донесување
### Akte nënligjore të nevojshme dhe afat për sjelljen e tyre

За спроведување на предложената опција треба да се донесат:
- Методологија за пресметка на платите
- Одлуки за:
- утврдување на вредноста на бодот за пресметка на плати,
- за утврдување на коефициентите за определување на максималниот износ на плати и
- за определување на коефициенти за корекција на платите,

во рок од два месеци од денот на влегување во сила на овој закон.

### 7.3 Органи на државната управа, државни органи и други органи надлежни за Спроведување
### Organe të administratës shtetërore, organe shtetërore dhe organe tjera kompetente për Zbatim

За спроведување на предложената опција, ќе бидат задолжени сите институциите од јавниот сектор, од:
- Законодавната власт,
- Извршната власт,
- Судската власт и
- Локалната самоуправа.

### 7.4 Активности за обезбедување на ефикасно спроведување на предлогот на Закон

Aktivitete për sigurimin e zbatimit efikas të Propozim-ligjit

Со цел ефикасно спроведување на предложената регулатива, ќе бидат организирани информативни и едукативни работилници за запознавање на засегнатите страни, придобивките од новиот концепт на воспоставување единствен платен систем за пресметката на платите на вработените во институциите од јавниот сектор.

## 8. Следење и евалуација
Monitorimi dhe vlerësimi

### 8.1 Начин на следење на спроведувањето
Mënyra e monitorimit të zbatimit

Надлежните институции во нацрт законот (Министерство за информатичко општество, Министерство за Финансии и Министерство за труд и социјална политика) потребно е да подготват Методологија за пресметка на платите, и преку истата ќе вршат контрола на усогласеноста на законите и колективните договори со овој закон.

### 8.2 Евалуација на ефектите од предлогот на закон и рокови
Vlerësimi i efekteve të Propozim-ligjit dhe afateve

Резултатите од предложеното законско решение ќе се следат преку континуирано следење на примената на предложениот закон.

Изјава од министерот
Deklarata e Ministrit

Врз основа на резултатите од анализите прикажани во Извештајот за проценка на влијанието на регулативата сметам дека препорачаното решение (опција) претставува најдобар начин за решавање на проблемот и постигнување на очекуваните ефекти на најекономичен начин.

Në bazë të rezultateve nga analizat e paraqitura në Raportin e Vlerësimit të Ndikimit të Rregullativës konsideroj se zgjidhja (opsioni) e rekomanduar paraqet mënyrën më të mirë për zgjidhjen e problemit dhe arritjen e efekteve të pritura në mënyrë më ekonomike.

Датум: / Data 05.01.2023

потпис на Министерот
nënshkrimi i Ministrit